# Билтен на ИОРРСМ

ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РСМ

## За периодот јануари – март 2025 година

Мај, 2025 година

## СОДРЖИНА

1. Резиме

2. Активности на телата на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ)

   а) Собрание

   б) Управен одбор

   в) Надзорен одбор

   г) Комисија за образование, обука и публикации

   д) Комисија за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор

   ѓ) Комисија за регистрација на ревизори и овластени ревизори

   е) Комисија за контрола на квалитетот

3. Судски постапки

## 1. РЕЗИМЕ

Во периодот јануари– март 2025 година, беа усвоени следните:

- ✓ Одлука за измени и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на полагање на испитот за стекнување звање ревизор.
- ✓ Одлука за измена и дополнување на Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија.
- ✓ Тримесечен извештај за работа на ИОРРСМ за периодот октомври – декември 2024 година.
- ✓ Одлука за разрешување на член на Комисијата за образование, обука и публикации, Марија Божиновски, по лично барање.
- ✓ Одлука за назначување на член на Комисијата за образование, обука и публикации, за овластен ревизор Валон Омери.
- ✓ Пречистен текст на Правилникот за начинот и постапката на вршење периодична контрола.
- ✓ Одлуки за одобрување на Препораката за зачленување во ИОРРСМ на Марина Веселинска и Марина Ристеска Богатиновска.
- ✓ Одлуки за издавање уверение за ревизор за лицата:Елена Николовска, Магдалена Ралева Ивановска, Марија Левкова, Елена Димовска.
- ✓ Годишна програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги за 2025 година.
- ✓ Тригодишна програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги за периодот 2025-2027 година.
- ✓ Годишен извештај за работа на ИОРРСМ за 2024 година.
- ✓ Финансиски план на ИОРРСМ за 2025 година.

На 28.02.2025 година СУНРРСМ даде согласност на Одлука за измена и дополнување на Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува ИОРРСМ. На 26.03.2025 година, СУНРРСМ даде согласност на: Одлуката за измени и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на полагање на испитот за стекнување испитот за стекнување звање ревизор, Годишна програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги за 2025 година и на

Тригодишна програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги за периодот 2025-2027 година.

## НАСТАНИ И СОСТАНОЦИ

На 16.01.2025 година преку видео-конференциска врска, беше одржан првиот запознавачки состанок помеѓу претседателот на ИОРРСМ, Ненад Тортевски и генералниот секретар на ИОРРСМ, Татјана Тодоровска и претставници на Accountancy Europe во врска со условите за евентуално членство на ИОРРСМ во организацијата.

На 06.02.2025 година, претставникот на стручната служба Калина Велковска, присуствуваше на состанок на работна група за спречување перење пари и финасирање тероризам, при Управата за финансиско разузнавање. На состанокот преку видео-конференциска врска присуствуваше истакнат експерт од областа г-дин. Giuseppe Lombardo заради активности за подготовка на Национална проценка за ризик од перење пари и финансирање на тероризам.

На 10.02.2025 година, на покана на Centre For Financial Reporting reform (CFRR), претседателот на ИОРРСМ Ненад Тортевски и генералниот секретар на ИОРРСМ, Татјана Тодоровска, преку видео-конференциска врска присуствуваа на дискусија во врска со наодите и препораките од кои што би биле вклучени во нацрт Извештај (Report on the Observance of Standards and Codes Accounting and Auditing - ROSC AA), за Република Северна Македонија.

Во периодот од 11-14 февруари 2025 година, Марјонка Николовска овластен ревизор, спроведе обука за стекнување на сертификат за завршена контрола на квалитет, со што контролорите на квалитет Бранка Стојановска и Марија Божиновски, вработени во ИОРРСМ се стекнаа со потребниот сертификат согласно член 20 од Законот за ревизија,

Во периодот од 18 февруари до 04 март 2025 година беа одржани серија на вебинари во организација на Меѓународниот одбор за етички стандарди за сметководители (IESBA) и Меѓународниот одбор за стандарди за ревизија и уверување (IAASB) кои што беа проследени од Бранка Стојановска, контролор на квалитет во ИОРРСМ. Вебинарите служеа за запознавање и промовирање на новите стандарди и насоки за зајакнување на известувањето за одржливост, како и стандардот на IESBA за употреба на работата на експерти. Стандардите беа предвидени да овозможат јасни очекувања за етичко однесување при известување за одржливост и давање уверување за истото, да промовираат информирано донесување на одлуки базирано на доверба и независно уверување во врска со информациите за одржливост, а воедно и да ги премостуваат ризиците од измами или непридржување до регулативата.

На 20.02.2025 година, генералниот секретар на ИОРРСМ, Татјана Тодоровска, присуствуваше на првиот во низата подготвителни состаноци со претставници на Здружението на внатрешните ревизори на РСМ (ЗВРСМ) и Албанскиот институт на внатрешни ревизори IIA Albania, заради организација на Регоналната Конференција за ревизија, во Тирана Албанија. Овие состаноци се предвидени да се одржуваат во редовни неделни термини во периодот февруари-мај 2025, заради дефинирање на активностите поврзани со организацијата на конференцијата.

На 12.03.2025 година, генералниот секретар на ИОРРСМ, Татјана Тодоровска, одржа состанок преку видео-конференциска врска со претставници на IFAC, Jelena Misita и Sarah Gagnon за дискусија за придонесот на IFAC и давање поддршка за одржување на Регоналната Конференција за ревизија, во Тирана Албанија, закажана за 20 мај 2025 година.






Во периодот од 17-19 март 2025 година, претседателот на ИОРРСМ, Ненад Тортевски присуствуваше на Министерската конференција организрана од CFRR/World Bank во Виена, Австрија. На состанокот во официјалниот дел претседателот оствари контакти и размени искуства со другите учесници за теми од заеднички интерес за ревизорската професија. На настанот како претставници од Република Северена Македонија присуствуваа и претседателот на СУНРРСМ, Филип Василески, претседателот на ИСОС, Весна Прентоска, претставници од Економски факултет – Скопје при УКИМ, катедра за сметководство и ревизија: проф-др. Марина Трпеска и проф-др. Зорица Божиновска Лазаревска. Во рамки на конференцијата претседателот на ИОРРСМ присуствуваше на пригодна вечера за членките на IFAC од Западен Балкан и Источна Европа, која што беше организирана како настан за вмрежување и запознавање со извршниот директор на IFAC, г-дин. Lee White. Меѓудругото, претседателот на ИОРРСМ во рамки на овој настан, присуствуваше на *Форум за реформи во сметководство и ревизија* и *Работилница за известување за одржливост.*

## 2. Активности на телата на ИОРРСМ

### а) Собрание

35-та седница на Собранието на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ) беше закажана на 26.03.2025 година. Бидејќи не беше одезбеден потребниот кворум за работа на Собранието, согласно член 22 од Статутот на ИОРРСМ, истата беше презакажана и се одржа на 01.04.2025 година.

На 35-та седница на Собранието на ИОРРСМ беа донесени/усвоени следните:

- Годишниот извештај за работа на ИОРРСМ за 2024 година
- Одлука за усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на ИОРРСМ за годината која завршува на 31.12.2024 година, и извештајот на ревизорот за финансиските извештаи на ИОРРСМ за годината која завршува на 31.12.2024 година
- Одлука за потврдување на Одлука за назначување на член на Комисијата за образование, обука и публикации, за овластен ревизор Валон Омери.

### б) Управен одбор

Управниот одбор ги одржа 246-та, 247-та, 248-та, 249-та, 250-та, седница на кои што ги усвои/одобри следните:

- Одлука за измени и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на полагање на испитот за стекнување звање ревизор.
- Одлука за измена и дополнување на Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија.
- Тримесечен извештај за работа на ИОРРСМ за периодот октомври – декември 2024 година.

- Одлука за разрешување на член на Комисијата за образование, обука и публикации, Марија Божиновски, по лично барање.
- Одлука за назначување на член на Комисијата за образование, обука и публикации, за овластен ревизор Валон Омери.
- Одлуки за признавање на испити за барателите Владимир Аврамоски и Христина Ѓорѓиевска, согласно Правилникот за начинот и постапката на добивање уверение ревизор за лица кои поседуваат квалификација за ревизор стекната во странство.
- Пречистен текст на Правилникот за начинот и постапката на вршење периодична контрола.
- Одлуки за одобрување на Препораките за зачленување во ИОРРСМ на лицата Марина Веселинска и Марина Ристеска Богатиновска.
- Одлуки за издавање уверение за ревизор за лицата: Елена Николовска, Магдалена Ралева Ивановска, Марија Левкова и Елена Димовска.
- Годишна програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги за 2025 година.
- Тригодишна програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги за периодот 2025-2027 година.
- Предлог Годишен извештај за работа на ИОРРСМ за 2024 година.
- Финансиски план на ИОРРСМ за 2025 година.

Управниот одбор ги разгледа: Квартален извештај за спроведување на контроли на квалитет со состојба на 31.12.2024 година, за доставување до СУНРРСМ на нивно барање за редовно квартално известување, ажурираниот Годишен план за проверки на контрола на квалитетот за 2023/2024 година (Термински план) од 15.02.2024 година, информација од Комисија за контрола на квалитет, за друштва за ревизија кај кои контролата на квалитет не била извршена во период подолг од 3 години, за доставување до СУНРРСМ на нивно барање за полугодишно известување.

Управниот одбор го разгледа Извештајот за спроведување на испитот за вонредна испитна сесија - октомври 2024 година, усвоен од Комисијата за спроведување на испитот.

Управниот одбор повторно разгледуваше огласи за кои што немаше пријавени апликанти во 2024 година, заради повторно објавување за позициите: Службеник за административна поддршка на контролата на квалитет и Стручно лице за професионална поддршка на овластените ревизори, друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци за прашања од интерес на вршење на дејноста.

Управниот одбор разгледуваше предлози, барања и информации доставени до Управниот одбор од страна на членовите и комисиите на ИОРРСМ, дописи доставени од СУНРРСМ, како и од страна на надворешни заинтересирани страни.

## в) Надзорен одбор

Надзорниот одбор на ИОРРСМ ги одржа 47-та и 48-та седница на кои што беа разгледани: Бруто билансот со состојба на 31.12.2024 година, со вклучени приходи и расходи до 30 јануари 2025 година што се однесуваат за 2025 година, Годишна сметка за 2024 година и Даночен биланс (пред и по доставување до надлежните институции).

Надзорниот одбор ги разгледуваше и Нацрт Извештајот на ревизорот и финансиските извештаи на ИОРРСМ за годината која што завршува на 31 декември 2024 година, Предлог Годишниот извештај за работа на ИОРРСМ за 2024 година и Годишна програма за работа на ИОРРСМ за 2024 и 2025 година. На 47-та седница на Надзорниот одбор на ИОРРСМ, за претседател на Надзорниот одбор од редот на членовите, беше избрана Зорица Божиновска Лазаревска.

Надзорниот одбор изготви Извештај за работењето на Надзорниот одбор на ИОРРСМ за 2024 година и разгледуваше други прашања поврзани со сметководствената евиденција и работењето на ИОРРСМ.

## г) Комисија за образование, обука и публикации

Комисијата за образование, обука и публикации:

- Разгледуваше доставени документи во врска со барање за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство.
- Подготви и одобри Билтен на ИОРРСМ за периодот октомври-декември 2024 година.
- Усвои Извештај за спроведување на Континуирано професионално усовршување во 2024 година.
- Усвои предлог Годишна програма за КПУ за 2025 година.
- Усвои Предлог - Прирачник за континуирано професионално усовршување на овластени ревизори кој што се доставува до Управниот одбор за усвојување.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## д) Комисија за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор

Комисијата за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор:

- Го разгледа Извештајот за резултатите од спроведување на испитот - испитна сесија декември 2024 година, доставен од координаторот проф. д-р Марина Трпеска и ги утврди резултатите од испитната сесија декември 2024 година.
- Усвои Извештај за оценување за предметот Ревизија 2 по барање на кандидат.
- Усвои Извештај за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор во декември 2023 година.
- Усвои Список на кандидати кои ги положиле сите испити од Програмата за полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор на ИОРРСМ, што се доставува до Комисијата за регистрација на ревизори и овластени ревизори за натамошна постапка.
- Усвои Извештај за положен испит од областа законска регулатива во Република Северна Македонија за кандидат кој стекнал квалификација за ревизор во странство за: Марија Левкова и Елена Димовска.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со спроведување на испитот за стекнување звање ревизор и постапката за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство, како и актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## ѓ) Комисија за регистрација на ревизори и овластени ревизори

Комисијата за регистрација на ревизори и овластени ревизори:

- Разгледуваше барања за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство, за натмошно постапување.
- Усвои Известување до Управниот одбор на ИОРРСМ за лицата кои стекнале право за добивање на уверение за ревизиор.
- Усвои предлози до Управниот одбор за издавање уверение за ревизор, за баратели во постапка за признавање на квалификации стекнати во странство.
- Разгледуваше барања за зачленување во ИОРРСМ и усвои Препораки за зачленување на нови овластени ревизори.
- Разгледуваше доставени документи за периодична контрола за 2024 година.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## е) Комисија за контрола на квалитетот

Во периодот јануари – март 2025 година, Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги:

- Усвои квартален извештај за спроведени контроли со состојба на 31.12.2024 година, за доставување до СУНРРСМ.
- Усвои Предлог Годишна програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги за 2025 година.
- Усвои Предлог Тригодишната програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги за 2025-2027 година.
- Подготви информација за друштва за ревизија и овластени ревизори – трговци поединци на кои што не била извршена контрола на квалитет во период подолг од три години, за доставување до СУНРРСМ.

Комисијата разгледуваше актуелни прашања поврзани со спроведување на годишниот план за контрола на квалитет за 2024/2025 година и други актуелни прашања поврзани со надлежностите на комисијата согласно Статутот.

Контролорите на квалитет извршуваа активности поврзани со спроведување на контрола на квалитет според Годишниот план за контрола на квалитет за 2024/2025 година.

# 3. Судски постапки

Во рамки на извештајниот период јануари – март 2025 година, по однос на управните спорови по тужбите од овластен ревизор Стојанчо Коцев и овластен ревизор – трговец поединец ТП Ревизор Бабамов – Струмица, кои што се во жалбена постапка од 2024 година, сеуште нема исход.

**Мај, 2025 година**